**Известување за концентрација со која
г. Штефан Пирер од Австрија, Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ од Австрија и Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ од Австрија стекнуваат индиректна заедничка контрола над Розенбауер Интернационал АГ од Австрија**

**(предмет бр. 08-138/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 03.10.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која г. Штефан Пирер, државјанин на Австрија и индиректен сопственик на Пирер Индустрие АГ, Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ со регистрирано седиште на Нонталер Хаупштрасе 36, 5020 Салцбург Австрија и Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Еуропаплац 1а, 4020 Линц, Австрија стекнуваат индиректна заедничка контрола над Розенбауер Интернационал АГ со регистрирано седиште на Пашингер Штрасе 90, 4060 Леондинг, Австрија.

Известувањето се однесува на промена на контролата над целното друштво од самостојна контрола која во моментот исклучиво ја имаат членови на основачките семејства од Розенбауер Групацијата, до индиректна заедничка контрола на подносителите.

Г. Штефан Пирер е индиректен краен сопственик на Пирер Индустрие АГ, глобална инвестициска групација активна во производство и дистрибуција на мотоцикли, електрични велосипеди и други моторни возила на две тркала.

Г. Пирер индиректно има самостојна контрола над ЛЕОНИ, глобален снабдувач на производи, решенија и услуги за управување со енергија и податоци во автомобилската индустрија.

Пирер нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија, но има остварено приходи во 2023 година преку обезбедување на автомобилски кабелски решенија од Леони и преку продажба на мотоцикли на Пирер.

Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ е владејачко друштво на ММБЕТ, кој заедно со сите свои поврзани друштва ја сочинува Матешитц Групацијата. ММБЕТ поседува удели во друштва во различни сектори. Главниот деловен потфат на владејачкото друштво на Групацијата, Дистрибуција & Маркетинг ГмбХ, покрај својата холдинг функција, управува и со имот и средства. Матешитц Групацијата нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија и не било активно Северна Македонија во 2023 година.

Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ поседува стратешки инвестиции во банкарскиот и финансискиот сектор, во даватели на услуги поврзани со банкарство, во секторот за недвижности и претпријатија во индустрискиот и прехранбениот сектор.

Рајфајзен Бетајлигунгсхолдинг ГмбХ нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија и не било активно Северна Македонија во 2023 година.

Розенбауер Интернационал АГ е владејачко друштво на Розенбауер Групацијата која што развива, произведува и продава возила, технологија и опрема за гаснење, а во помала мера, и дигитални решенија за управување на своите производи за професионални, индиустриски, фабрички и волонтерски противпожарни единици, како и системи за превентивна противпожарна заштита. Моментално, Розенбауер Интернационал АГ е под самостојна контрола на основачките семејства од Розенбауер Групацијата.

Розенбауер Интернационал АГ нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија, но било активно во 2023 година со продажба на противпожарна опрема и компоненти.

Релевантните пазари на стоки би можеле да се дефинираат како пазар за лична заштитна опрема за пожарникари и пазар за системи и компоненти за гаснење на пожари. Во однос на географскиот опфат, подносителите сметаат дека релевантниот географски пазар би можел да се дефинира најмалку на ниво на Европска Економска Област, по опфат. Во секој случај, дефиницијата на релевантниот географски пазар може да остане отворена.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.10.2024 година
Скопје